ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:34-250/8**

**Дата: 11.11.2013**

ДО

ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за радијациона сигурност, на сметката на основниот буџет (631) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Дирекцијата за радијациона сигурност за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и во однос на усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 5 до 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (631), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Дирекцијата за радијациона сигурност за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- д-р Нузи Шахин - директор од 08.06.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Дирекцијата за радијациона сигурност се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.07.2013 до 13.09.2013 кај Дирекцијата за радијациона сигурност од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Дирекцијата за радијациона сигурност за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 16.09.2013 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 34 – 250/4 од 03.10..2013 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Дирекцијата за радијациона сигурност – сметка на основен буџет (631), на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Дирекцијата за радијациона сигурност, сметка на основен буџет (631), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 08.11.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 8.429 | 5.210 |
| **Вкупно приходи** | | **8.429** | **5.210** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 581 | 535 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **581** | **535** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 319 | 108 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **319** | **108** |
| **Вкупно расходи** | | **900** | **643** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.4.** | **7.529** | **4.567** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.5.** | **7.529** | **4.567** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.529 | 4.567 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 5 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 50 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.584** | **4.574** |
| **Вкупна актива** | | **7.584** | **4.574** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 49 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 6 | 7 |
| Пасивни временски разграничувања | | 7.529 | 4.567 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.584** | **4.574** |
| **Вкупна пасива** | | **7.584** | **4.574** |